**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

Бр- No-Nr. 10-359/18
18.12. 2023 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (,,Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 132/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15 129/15, 39/16, 42/16 и 99/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23) Градоначалникот Општина Шуто Оризари, на ден 14.12.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за неспроведување на стратегиска оцена за влијанието врз животната средина за Градска урбана четврт С.08 блок 02 во Општина Шуто Оризари**

1.За планскиот документ Детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 02 (плански период 2021-2026 година, кој се носи во согласност Програмата (Ф) –Урбанистичко планирање и уредување на просторот на Општина Шуто Оризари за 2023 година , не е потребно да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина , согласно член 65 од законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на Стратегиската оцена се објавува на веб страната на општина Шуто Оризари, www.sutoorizari.gov.mk

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански долумент има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно за неспроведување на Стратегиска оцена оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиската оцена, донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 02 за плански период 2021-2026 година, нема да има влијание врз животната срединаод следните причини:

-Имајќи ги во предвид сите просторни, технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор, со намена се исти како и постојните функции и намени во рамките на ГУП 2012-2022 година со плански период 2021-2026 година , како и фактот дека за околните Детални урбанистички планови предходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина во непосредната околина.

4.Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до министерството за животна средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на на Општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш